25956

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330

Isečak iz lista / Newspaper cutting: НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
18. I. 1980 , 11847 , 9,

ДЕНЕС ВО ПАВИЛЈОНОТ „ЦВИЕТА ЗУЗОРИЌ"

# ПЕТНАЕСЕТ МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ

ИЗЛОЖБАТА „15 современи македонски ликовни уметници" што во организација на Музејот на современата уметност од Скопје последните шест месеци беше со интересирање проследена од публиката на Дубровник, Сараево, Љубљана, Лондон и Приштина, денес ќе биде отворена и во белградскиот Павилјон „Цвиета Зузориќ".

Да потсетиме: во овој значаен обид на МСУ да направи антологиски избор на дел од најновите стремежи во современото македонско сликарство и скулптура, се застапени експонатите на Анастасов, Хаџи Бошков, Јакимовски, Калчевски, Луловски, Маневски, Матевски, Мазев, Миљановски, Наумовски, Перчиков, Поповски — Дада, Спировски, Шијак и Василев. Абаџиева Димитрова за овој селективен пристап пишуваше: „Одбегнувајќи го панорамското прикажување како обележје на минатото, како анахронизам, изложбава има претензии низ еден антологиски избор да укаже на некои идејно-содржински, стилски и слични прашања, низ ликовно-естетските достигања на одреден број македонски творци да ги истакне специфичностите на нивните сликарски, скулпторски и други индивидуалитети. Тоа се припадници на три генерации: средната, младата и најмладата, па, според тоа, разбирливи се и постојаните формални разлики меѓу нив. Она што е заедничко за сите е творечката искреност; професионалниот однос кон уметноста и самостојната артикулација на изразот.



Танас Луловски: Без наслов, 1978, молив на хартија